ТЕХНО ХЕМ
друштво за трговија и производство на хемикалии и хемиски производи д.о.о скопје

# АКРИЛ НИВЕЛИТ П

ДВОКОМПОНЕНТНА МАСА ЗА НИВЕЛИРАЊЕ/ИЗРАМНУВАЊЕ НА БЕТОНСКИ ПОДОВИ

**НАМЕНА :АКРИЛ НИВЕЛИТ П** е двокомпонентна маса , која обезбедува заштита на бетонски површини од брзо распаѓање.Се употребува во објекти кои служат за лесен пешачки сообраќај , за припремање на бетонски подлоги преку кои ќе се вградуваат готови подни облоги ( виназ плочки ; винфлекс плочки;паркет;ламинати и други облоги ).Врз **АКРИЛ НИВЕЛИТ П** се нанесуваат завршни заштитни премази , во објекти каде не се употребуваат транспортни и утоварни средства , туку се употребуваат само за пешачки сообраќај ( текстилни хали;приручни магацини и сл.)

**СОСТАВ :АКРИЛ НИВЕЛИТ П** е постојана двокомпонентна маса врз база на висококвалитетни цементи и посебни абразивни кварци полнила и полимерен додаток за зголемување на марката на притисок и за поефикасно врзување.

**СВОЈСТВА : АКРИЛ НИВЕЛИТ П** овозможува ефикасно и лесно одржување на подните површини , го продолжува векот на експлоатација на истите и обезбедува брзо и ефикасно одржување на хигиената во просториите.Со **АКРИЛ НИВЕЛИТ П** се овозможува трајна и многу цврста подлога за надградба со разни готови подни завршни облоги ( виназ плочки ; винфлекс плочки;паркет;ламинати и други облоги)

**ПРИМЕНА : АКРИЛ НИВЕЛИТ П** се употребува во сите простории каде се вградуваат готови подни облоги(виназ плочки ; винфлекс плочки;паркет;ламинати и други облоги и декоративни заштитни премази на база на акрилати ).

**ВГРАДУВАЊЕ :АКРИЛ НИВЕЛИТ П** се состои од две компоненти , комп.А и комп.Б ,запакувани во соодветен размер ( А:Б = 1:3 ) .Во тој размер двете компоненти добро се мешаат и се добива *жилава* маса која треба да одлежи 5 минути и повторно добро да се промеша пред да се изврши вградувањето.

Вградувањето со врши по следната постапка : бетонската површина треба претходно добро да се исчисти со правосмукалка ( да се обеспраши ) и потоа добро да се испере со вода...После тоа,преку чистата подлога се врши нанесување на акрил пенетрација која се нанесува со тврда четка.Преку не докрај осушената пенетрација се врши нанесување на **АКРИЛ НИВЕЛИТ П** со челични назабени глетерки.**АКРИЛ НИВЕЛИТ П** се нанесува во еден или два слоја во зависност од рапавоста на бетонската подлога.При крај на нанесувањето на масата се врши фино загладување ( пеглање ) на површината со што се добива идеално глатка и рамна површина , која е спремна за понатамошна надградба..

**ПОТРОШУВАЧКА :** Потрошувачка на **АКРИЛ НИВЕЛИТ П** изнесува од 1 кг/м2 до 3 кг/м2 во зависност од рапавоста на бетонската подлога.Потрошувачката на акрил пенетрација изнесува од 0,3 кг/м2 до 0,5 кг/м2 , исто така во зависност од рапавоста на бетонската подлога.

**ПАКУВАЊЕ : АКРИЛ НИВЕЛИТ П** се испорачува во пакувања ;
Компонента А во пластични канти од 5 кг и 10 кг
Компонента Б во натрон вреќи од 15 кг и 30 кг

**ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА :** За време на работа задолжително да се носат заштитни ракавици и облека.

**РОК НА ТРАЕЊЕ :** Складиштен во суви магацини и оригинална амбалажа материјалот има рок на траење од 6 месеци.

**УСКЛАДИШТУВАЊЕ :** Да се чува во сув магацин во оригинална амбалажа.

КГВ скопје
ул .7 бр. 139а с.Орешани
1000 Скопје Македонија
тел./факс++ 389* 02*3091-174
моб.тел. ++ 389*070 241 448
е-маил: tehnohem@t.mk
info@tehnohem.com
веб: www.tehnohem.com